Министерство за образование и наука
Биро за развој на образованието

Сектор за истражување во образованието

ул "Руѓер Бошковиќ" бб
1000 Скопје
Република Македонија
тел. ++389 2 3064 131
факс ++389 2 3061 057
е-пошта
bro.macedonia@bro.gov.mk

До
Директорот на средното училиште
____________________________________
_______________________

Почитувани,

Согласно Законот за Бирото за развој на образованието, како и Законот за учебници за основно и средно образование, во декември 2010 година од Бирото за развој на образованието беше изготвена Концепција за изработка на учебник и методологија за вреднување на учебник.

Бирото за развој на образованието во рамките на советодавната стручна помош во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, за успешна имплементација на Концепцијата за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник, во периодот кои следи ќе организира презентации на концепцијата и методологијата, со наставниците кои биле досега или во иднина планираат да бидат автори или рецензенти на учебници за основните и средните училишта во Република Македонија.

Со оглед на важноста на презентирањето на методологијата за вреднување на учебниците, критериумите и индикаторите кои што треба да ги водат рецензентските комисии при вреднувањето на ракописите за учебници, се задолжуваат директорите на училиштата да ги запознаат вработените со можноста за учество на презетацијата. Учесниците на презентациите можат да се пријават индивидуално или од директорот и службите на училиштето, најдоцна до 30 септември 2011 година. Пријавувањето може да биде направено во писмена или електронска форма и тоа на адресата на Бирото за развој на образованието, ул. Руѓер Бошковиќ бб, Скопје (писмена форма) и на е-маил адресата: igorjurukov@bro.gov.mk (електронска форма).

**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**

Врз основа на пријавените наставници училиштата и наставниците ќе бидат известени за датата и местото на одржување на презентацијата за Концепцијата за изработка на учебник и методологијата за вреднување на учебник.

Со почит,

Директор
м-р Весна Хорватовиќ

изготвил: м-р Игор Јуруков
контролирал: м-р Митко Чешларов